**ДО:** **ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА**
Булевар Пресвета Богородица бр.4, Скопје 1000

...КА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË...
...ЖАВНА КОМИСИЈА ... СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
...MISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar | 25-03-2024 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Единица Nj.Organizative | Бр... Num... | Прилог Shtojcë | Вреднос... Viera |
| 03 | 1232/1 | | |


**ОД:** [redacted]

Скопје, 23.03.2024 година

<u>**ПРЕДМЕТ:**</u> Барање за пристап до информација од јавен карактер.

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер(Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот – Државната комисија за спречување на корупција, ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали, Државната комисија за спречување на корупција има отворено предмет во врска со стратешкиот проект: - „Митилинеос когенеративна постројка Скопје", поради сомневање за можна корупција, кое барање за отварање на предмет од страна на група универзитетски професори и инженери, беше официјално доставено до Државната комисија за спречување на корупција на 04.03.2024 година?

Бараната информација, барам да ми бидат доставена како скениран документ или фотокопија, по електронски пат на следниот e-mail: [redacted]

Подносител на барањето:

[redacted]

Бр. / Nr. 03-1232/2
15-04-2024 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1232/1 од 25.03.2024 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## *РЕШЕНИЕ*

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-1232/1 од 25.03.2023 година, **СЕ УВАЖУВА.**

До барателот на информацијата да се достави бараната информација на начин наведено во барањето, во електронска форма.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата, [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое побара: *„Дали Државната комисија за спречување на корупција има отворено предмет во врска со стратешкиот проект: - „Митилинеос когенеративна постројка Скопје", поради сомневање за можна корупција, кое барање за отварање на предмет од страна на група универзитетски професори и инженери, беше официјално доставено до Државната комисија за спречување на корупција на 04.03.2024 година?".*

Доставеното барање е примено во ДКСК, заведено под архивски бр. 03-1232/1 од 25.03.2024 година, по истото ќе се постапи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019).

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

По разгледување на барањето се констатираше следното: До ДКСК е доставено претставка/пријава од познати подносители и по истата е оформен предмет бр. 12-970 од

04.03.2024 година.

Постапувањето по оформениот предмет е во тек. По утврдување на фактичката состојба ДКСК ќе донесе Одлука која согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе биде објавена на веб страницата на Државната комисија а до подносителите ќе се достави известување со прилог Одлука.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Б.А

Да се достави до:
- подносителот